# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.188 од 19.12.2014 година**

## Член 1

Во Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" број 43/12, 145/12, 87/12, 164/13, 39/14 и 43/14) во членот 16, став (4) по зборот „Македонија" сврзникот „и" се заменува со запирка, а точката на крајот на ставот се брише и се додаваат зборовите „како и со дел од акцизата на цигари во износ од 0,053 денари по парче (цигара), наменети за набавка на лекови за ретки болести."

Во ставот (6), по зборот „пиво" сврзникот „и" се заменува со запирка, а по зборот „алкохол„ се додаваат зборовите „и цигари".

## Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2015 година.